КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Macedonian Canoe Federation

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СУДИИТЕ ВО КАЈАКАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДНИЈА

Скопје , Ноември 2009 година

Врз основа на член 23 од Статутот на Кајакарската Федерација на Македонија,Собранието на Кајакарската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.11.2009 година,го усвои следниот:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СУДИИТЕ ВО КАЈАКАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДНИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Судиско-Регистрационата комисија на Кајакарската Федерација на диви води на Македонија (во натамошниот текст - Комисија), е стручно тело на Извршниот одбор на КФМ и како такво е составен дел во движењето на кајакарскиот спорт во Македонија.

Член 2

Сите натпревари во кајак на диви води во Р.Македонија ги организираат и спроведуваат Судии кои тоа звање го стекнале според одредбите на Правилникот за судиите на КФМ и според правилата на ИЦФ (МеЃународна Кајакарска Федерација).

Член 3

Комисијата го следи и го унапредува судискиот кадар,обезбедува нормален развој на сите видови судии при КФМ.

Член 4

Со овој Правилник се регулираат видовите на кајакарски судии на диви води,нивната поделба,како и основните услови за стекнување на одредените звања и степен на судењето.

Член 5

Судиите во КФМ,зависно од звањето кое го стекнале во согласност и начин пропишан со овој Правилник,се категоризираат во четири категории:

А) Помошен судија
Б) Судија
В) Државен судија
Г) Меѓународен судија

Звањето на судиите се стекнува со положен испит за одредено звање пред Комисија определена од Судиско-Регистрационата комисија на КФМ, односно од ИЦФ.

Член 6

Секој кандидат кој ќе изрази желба и спремност да полага испит за судија во кајак на диви води,треба да поднесе писмена пријава.

Пријавата се поднесува во основната организација (клубот) или до КФМ, која ја одредува соодветната Комисија за испит соодветно за категоријата за која ќе се полага.

Со пријавата за полагање испит за категориите Судија и Државен судија се поднесува заверена документација за положен испит во пониската категорија и за реализираните судиски функции на натпревари,која ја издава клубот или КФМ.

По приемот на пријавата,Судиско-Регистрационата комисијата на КФМ ќе именува Комисија за спроведување на испитот и ќе го утврди времето и местото за полагање и ќе ги извести сите пријавени кандидати.

Член 7

А)**Помошен судија** - има право да врши должности кои значат непосредна помош на Судијата или Државниот судија во согласност со Правилникот за организација на натпревари во кајак и кану .Помошниот судија има право да ги обавува следните работи: Сите должности на службени натпреварувања,освен должноста организатор и главен судија.

Б) **Судија** - има право да ги извршува сите должности на судија на натпревари во кајак Спуст,  Слалом И спринт на диви води во Македонија, освен должноста главен судија на државните натпревари.

В) **Државен судија** - има право да ги извршува сите должности на сите натпревари во кајак и кану (спуст, слалом и спринт)  во Македонија,согласно со Правилникот за натпревари,на комитетите сите должности и функции на натпревари организирани од КФМ и должноста на Главен судија.

Г)**Меѓународен судија** - има право да ги извршува сите должности на сите натпревари во кајак и кану (спуст, слалом и спринт) организирани од КФМ и ИЦФ во согласност со Правилниците за натпревари од овие Федерации.

Член 8

Судиско звање се стекнува врз основа на положен испит за соодветна категорија.

Член 9

Испитите за кајакарски судии се полагат пред соодветна Комисија составена од најмалку 3 (три) члена и тоа:
За категорија Помошен судија по правило,Комисијата ја формира и испитот го организира и спроведува клубот со два члена и претседател на судиската комисија.

- За категоријат Судија и Државен судија,испитот се полага пред Комисија која ја формира Комисијата на КФМ.Претседателот на Комисијата мора да има категорија на Меѓународен судија (експерт на ИЦФ) или најмалку или најмалку категорија на Државен судија со над 10 години судиско искуство и судење на државни и меѓународни натпревари.

Член 10

**ПОМОШЕН СУДИЈА** може да стане секој граѓанин на РМ.  член на една од основните организации - клубови - КФМ , ако успешно го положи испитот за звање помошен судија.
**Судија**-може да стане секој граѓанин на РМ кој успешно обавува должност како помошен судија најмалку 2 (две) години и за тоа време судел на разни натпревари.Полагањето се врши на едно од државните натпревари,каде после практичниот дел се полага текстуалниот дел,ако успешно го положи испитот за категорија - Судија.

**ДРЖАВЕН СУДИЈА** може да стане секој судија ако на натпревари од државен ранг судел најмалку 8 (осум) пати со стаж од 2 (две) години.

Кандидатот за полагање на звање државен судија го предлага Комисијата на КФМ.

МЕЃУНАРОДЕН СУДИЈА се стекнува според правилата на ИЦФ.Предлог за номинирање дава Комисијата на КФМ,а предлогот се доставува до Генералниот секретар на Федерацијата најмалку 2 (два) месеца пред полагањето и 20 УСД . Кандидатите не треба да се помлади од 25 години и постари од 65 години и да имаат намалку 5 години од државно и меѓународно натпреварувачко искуство.

Ако успешно го положи испитот за меѓународен судија пред соодветна комисија на ИЦФ се стекнува со ова звање.Кандидатот за ова звање мора да располага со потврда за владеење на англискиот јазик.

Член 11

Комисијата за полагање на испитот составува записник,врз основа на записникот,Судиско-Регистрационата комисија на КФМ, издава легитимација за положен испит во соодветната категорија на сите кандидати кои со успех го положиле испитот.

Испитот ќе се смета за успешно положен, доколку кандидатот одговори на тест прашалникот и тест стаза (подготвени од Судиско-Регистрационата комисија на КФМ).
На тест прашалникот дозволено е да се згреши на 4 прашања-одговори,додека на тест стазата,не треба да има грешки-неточни одговори.

Член 12

Кајакарските судии во сите категории,се регистрираат во Регистарот за судии на КФМ.
КФМ и Комисијата водат посебна картотека и евиденција за секој кајакарски судиија, поединечно,на посебно утврден образец-картон.

Сите меѓународни судии се регистрираат и пред КФМ,заради перманентното следење на неговата активност.

Член 13

Помошен судија,Судија или Државен судија кој не ја обавувал судиската функција на званични натпревари во последните 3 (три) години,последователно, а бил повикуван барем три пати во тој период, ќе полага дополнителен испит пред соодветна Комисија што за таа цел ќе ја утврди Комисијата на КФМ,по тест прашања кои се дадени за соодветната категорија која ја има судијата.

Член 14

Судија одреден да врши некоја функција на натпревар нема право од судиското место да довикува на натпреварувачот,да дава инструкции или да навива.За ова следи сменување од судиското место и следи дисциплинска одговорност.

Член 15

Одредување на кајакарски судии за републички или меѓународни натпревари,врши Комисијата на КФМ.

Член 16

Одредувањето на судиите,за извршување на одредена судиска функција се врши според следниот принцип:

- За клубски или меѓуклупски натпревари во организација на клубовите,Управата на клубот кој го организира натпреварувањето,одредува судии со стекнато звање.

- За сите останати натпревари (државни и меѓународни),Комисијата на КФМ, одредува судии ,без разлика на нивото на учесниците(клубски или на ниво на Репрезентација).

Определувањето на судиите се врши согласно Правилникот за организација на натпревари на КФМ и ИЦФ.

Член 17

Во извештаите и записниците од сите натпревари во кајак слалом и спуст на диви води што се одржуваат во РМ, задолжително се внесуваат податоци на сите судии кој извршувале некоја функција на натпреварот.

Овие податоци се доставуваат до КФМ,а Комисијата ги внесува во Регистарот-картотеката на судиите на КФМ.

Член 18

Судиите-членови на Судискатаорганизација имаат права и должности.

Права на судиите:

-Да учествуваат во работата на судството во КФМ;
-Да бидат распоредени на судиски функции на натпревари;
-Да се жалат на решењето на првостепениот орган;
-За вршење на судиската функција на еден натпревар да има одреден надоместок (патни,дневни и судиска такса);
-Да напредува во стекнувањето на судиски звања.

Должност на судиите:

-Совесно да ги вршат своите должности;
-Редовно да присуствуваат на сите состаноци пред натпревари,семинари советувања и да учествуваат во нивната работа;
-Да ги извршуваат одлуките на Комисијата на КФМ;
-Обавезно да се јават на Комисијата ако биле спречени да ја вршат функцијата за повиканиот натпревар;
-На секој натпревар задолжително да ја носи судиската легитимација,хемиски молив и судиска свирка;
-Редовно да ги применува новините-измените за натпревари кој ги донесува ИЦФ и КФМ;
-Редовно да се усовршува.

Член 19

Ако се суди на државен натпревар,вклучувајки ги сите други натпреари кој се одржу-ваат во Републиката,на судијата му припаѓа: дневница,патни трошоци и судиска такса.

Висината на надоместокот на патните трошоци и дневницата е одредена со одлука,а се исплатува преку патни сметки.

Висината на судиската такса е условена според рангот-категоријата на судијата и видот на натпреварот.

Ако судијата побара или прими поголем надоместок од пропишаниот со овој Правиник,ќе биде повикан на дисциплинска одговорност.

Член 20

Судиското звање може да мирува во случај на подолга неактивност и тоа:
-Школување надвор од Републиката;
-Потешка повреда или боледување
-Подолго период на работа во странство;
-Одење во АРМ.

Член 21

Членството во Судиската организација престанува
-Самоволно истапување;
-Дисквалификација изречена од Дисциплинската комисија или Извршниот одбор на КФМ;
-Судиско решење за тежок кривичен прекршок.

Член 22

Сите судии одговараат дисциплински за повреда на судиската функција при судењето.

Секој судија кој ќе погреши при судење поради не знаење или од други причини, може да биде казнет Дисципински со привремена или трајна забрана за вршење на судиската функција.

Една од дисциплинските мерки кој можат да бидат изречени на таков судија,е повторното полагање на судиски испит пред надлежната комисија.

Член 23

Предлог за покренување дисциплинска постапка поднесува: Натпреварувачкиот одбор,Главниот судија,Организаторот на натпреварот, Членовите на жирито.

Кон предлогот за покренување на Дисциплинска постапка против одреден судија, мора да биде доставена-поднесена соодветна документација,докази и дава потребно образложење.

Дисциплинската постапка се води согласно одредбите од Правилникот за дисциплинска одговорност.

Член 24

Работата на Судиско-Регистрацината комисија е следната:
-Перманентно ги прати новите измени што ги донесува ИЦФ;
-Подготвува Предлог-Програма за својата работа;
-Ја утврдува основната работа за разввој и унапредување на судискиот кадар,преку предавања и семинари;
-Дава задолжителни толкувања на сите судиски Правила,како и на одредбите и заклучоците што се однесуваат на судиите при нивно спроведување во живо;
-Одредува судии за сите натпревари што се одржуваат према календарот на КФМ;
-Одлучува по приговорите кои се однесуваат за состав на листа на судии за сите натпревари;
-Води евиденција за сите судии,еднаш годишно донесува ранг листа за најдобри судии;
-Номинира судии за поголем ранг;
-Комисијата се состанува по потреба а најмалку 6 (шест) пати годишно.Седниците ги свикува претседателот на Комисијата.
-Дава годишен извештај до Извршниот одбор на КФМ;
-Врши и други работи за кој ја задолжува Извршниот одбор на КФМ.

- Комисијата кој го одредува Судиско-Регистрационата комисија на КФМ,а во соглас-ност со овој Правилник.

Член 25

Толкување,измени и дополнување на овој Правилник дава Комисијата на КФМ.

Член 26

Овој Правилник е усвоен на седницата на Собранието на КФМ на 16.11.2009 година и ќе се применува од датата на неговото донесување.

Член 27

Со стапување во сила на овој Правилник престанува да важи и да се применува Правилникот на судии на КФМ усвоен на 30.11.2004 година.

Кајакарска Федерација на Македонија

Претседател;
М-р Лазар Поповски